Врз основа на член 14 од Законот за стоковни резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11 и 43/14), членовите 46-49 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.78/15, 106/15 и 153/15), Процена СВ V – 2/16 од 15.02.2016 година и Одлуката за продажба на движна ствар - меркантилна пченица бр. 42-2721/1 од 05.04.2016 година, Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари во Агенцијата за стоковни резерви објавува

**О Г Л А С бр.1**

**за продажба на движна ствар - меркантилна пченица од стоковните резерви по пат на електронско јавно наддавање**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Продавач на пченицата е **АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ** со седиште на ул.„Орце Николов“ бр.71, 1000 Скопје

## II. ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБАТА

1. Се врши продажба на:
   - **13.000 тони МЕРКАНТИЛНА ПЧЕНИЦА** од стоковните резерви.

## III. ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

1. Почетната вредност на ПЧЕНИЦАТА - предмет на продажба изнесува **10.990.000,00 ден по лот од 1.000 тони,** без пресметан ДДВ, што преставува проценета вредност, на паритет франко силоси во Прилеп.

## IV. ОПШТИ УСЛОВИ

1. Предметот на продажба е делив на лотови и тоа:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лот бр. | 1 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |
| Лот бр. | 2 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |
| Лот бр. | 3 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |
| Лот бр. | 4 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |
| Лот бр. | 5 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |
| Лот бр. | 6 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |
| Лот бр. | 7 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |
| Лот бр. | 8 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |
| Лот бр. | 9 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |
| Лот бр. | 10 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |
| Лот бр. | 11 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |
| Лот бр. | 12 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |
| Лот бр. | 13 | количина: | 1.000 | тони. | почетна цена без ДДВ: | 10.990.000,00 | денари |

2. Продажбата ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање преку системот за електронско јавно наддавање. За секој лот ќе биде спроведено посебно јавно наддавање.
3. Интернет страница на која ќе се врши јавното наддавање:
   http://e-aukcii.finance.gov.mk/
4. Право на учество на електронското јавно наддавање имаат сите домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на недвижни и движни ствари на територијата на Република Македонија согласно со закон.

5. Продажбата се врши по принципот „видено-купено“. Дополнителни рекламации на квалитетот не се признаваат. Увид на квалитетот може да се изврши до поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање.
6. Рок за поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање: 12.05.2016 година до 14:00 часот.

   Пријавата за учество на јавното наддавање се поднесува електронски на следната интернет страница e-aukcii.finance.gov.mk и треба да ги содржи:

   - тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија, односно соодветен документ издаден од надлежен орган од земјата каде е регистриран правниот субјект, кои не треба да бидат постари од 6 месеци до денот на завршување на објавата (за правни лица),
   - копија од важечка лична карта или важечка патна исправа (за физички лица),
   - Банкарска гаранција за сериозност на понудата во износ од 2% од почетната цена на предметната движна ствар односно 219.800,00 денари (за секој лот посебно), со рок на важење 60 дена од издавањето. Покрај електронски, истата се доставува и во писмена форма (во оригинал) до Комисија за недвижни и движни ствари на Агенцијата за стоковни резерви, адреса: Ул.”Орце Николов” бр.71, 1000 Скопје.

   На електронското јавно наддавање нема да може да учествува лицето (физичко или правно) кон чија што пријава не е доставена комплетна документација според точка 6 од овој оглас или не ја доставило оригиналната банкарска гаранција до Комисија за недвижни и движни ствари на Агенцијата за стоковни резерви до рокот предвиден за поднесување на пријавите за учлество.
7. Почетната вредност за електронското јавно наддавање е утврдена за секој лот поединечно.
8. Комисијата на подносителите кои во системот за електронско јавно наддавање се пријавиле со комплет документи во прилог, во рок од 3 дена од денот на доставувањето на понудите им доставува корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.
9. Начин и постапка за спроведување на јавното наддавање:

   - Јавното наддавање се спроведува во согласност со одредбите од член 26, член 48 и член 49 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15 и 153/15).
   - За да се одржи јавното наддавање, потребно е да има најмалку еден учесник.
   - За најповлен понудувач на јавното наддавање се смета учесникот кој понудил последна цена, која преставува највисока цена за продажба на движната ствар.
   - Најповолниот понудувач во рок до 15 дена од денот на завршувањето на јавното наддавање е должен да ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана и пондувачот во период од 1 година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната движна ствар.
   - Корисникот на движната ствар со најповолниот купувач ќе склучи договор за купопродажба во рок од 5 работни дена по извршената уплата на цената на движната ствар.
   - Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество во јавното наддавање му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање.
   - Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање. Приговорот се доставува до Комисијата во рок од 3

дена од денот на одржувањето на јавното наддавање. Комисијата одлучува по приговорот со решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот. Против решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

10. Информации во врска со продажбата, заинтересираните купувачи можат да добијат на телефоните: 02/3116-249. Лица за контакт: Тони Кантурски, Борче Клинчаров и Дритон Бајрами.

Број 03-282/2
13.04.2016 година
Скопје

КОМИСИЈА ЗА ДВИЖНИ СТВАРИ
Претседател,
Тони Кантурски
_______________